**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1529/**

# З А П И С Н И К

**Од 144-та седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 30.03.2021 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим,Јагнула Куновска, Ивана Трајковска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека и Снежана Клинчарова.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Дарко Стефановски-Претседател на Надзорниот одбор на МРТ,Сузана Николовска-раководител на одделение за сметководство,Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет,Анета Андонова-одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ,Мигена Горенца-одговорен уредник на Втор програмски сервис,Иле Тримчески-Одделение за човечки ресурси МРТ и Кирил Андоновски-Ревизорска куќа Ековис Аудит.

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата, 144-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***
Седницата започна во 14:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред и едногласно усвои да се повлечат две точки од прдложениот дневен ред за кои немаше пристигнато материјали.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи да работи по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записниците од 142-ра и 143-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Консолидиран годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, ДООЕЛ Аргус, ДООЕЛ Сцена и ДООЕЛ База за 2020 година.

3. Нацрт Консолидиран Ревизорски извештај од независен овластен ревизор Ековис Аудит Скопје.

4. Разгледување и усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на ЈРП Македонска Радиотелевизија за 2020 година.

5. Разгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во ЈРП МРТ по Укажување од страна на МИОА бр.03-1060/6 од 19.03.2021 година.

6. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на записниците од 142-ра и 143-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ги стави на разгледување записниците од 142-ра и 143-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиниците од 142-ра и 143-та седница на Програмскиот совет на МРТ беа ставени на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека запиниците од 142-ра и 143-та седница на Програмскиот совет на МРТ се едногласно **усвоени** од Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2: Разгледување и усвојување на Консолидиран годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, ДООЕЛ Аргус, ДООЕЛ Сцена и ДООЕЛ База за 2020 година.**
Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац му даде воведен збор на претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски во своето излагање објасни дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, ДООЕЛ Аргус, ДООЕЛ Сцена и ДООЕЛ База за 2020 година и констатира големо потфрлање во реализацијата на приходот од маркетинг во однос на планираното, предвидено во Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2020 година.
Надзорниот одбор го задолжи Директорот на ЈРП МРТ да ги утврди причините за големото потфрлање на приходот од маркетинг и за тоа да го извести Надзорниот одбор.
Членот Гајур Рмадани предложи да се задолжи менаџментот на куќата да постапи и да превземе активности по забелешките на Надзорниот одбор.
Потоа Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац и даде збор на Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ,која детално го објасни пред присутните материјалот од Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, дооел Аргус, дооел Сцена и дооел База за 2020 година.

По расправата Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, дооел Аргус, дооел Сцена и дооел База за 2020 година.

■ **Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, дооел Аргус, дооел Сцена и дооел База за 2020 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**1** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, дооел Аргус, дооел Сцена и дооел База за 2020 година **е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Нацрт Консолидиран Ревизорски извештај од независен овластен ревизор Ековис Аудит Скопје.**
Вовед по оваа точка даде Кирил Андоновски од Ревизорска куќа Ековис Аудит кој објасна дека извршиле на приложените консолидирани финансиски извештаи на ЈРП МРТ,и изразено е мислење со резерва по однос на имотно-правната документација со која располага претпријатиетo,како и по однос на главнината која е впишана во и не е усогласен со регистрианата основна главнина според изводот во Централниот регистар на РМ.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски во своето излагање објасни дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Нацрт Консолидиран ревизорски извештај за 2020 година од Независен овластен ревизор Ековист Аудит-Скопје, без забелешки и му укажа на Директорот на МРТ да ги преземе сите потребни чекори по однос на искажаното мислење со резерва во Нацрт Консолидираниот ревизорскиот извештај, со цел да се отстранат причините за таа состојба.

По расправата по оваа точка беше предложен Заклучок:

●Програмскиот совет на МРТ констатира дека Консолидираниот ревизорски извештај за годината која завршува на 31.12.2020 година,е во согласност со сметководствените стандарди кои се прифатени во Р.Македонија, и во сите значајни аспекти реално и објективно ја одразува финансиската сосотојба на претпријатието.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разгледување и усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на ЈРП Македонска Радиотелевизија за 2020 година.**
Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац му даде воведен збор на претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски во своето излагање објасни дека на седницата на Надзорниот одбор на МРТ го разгледале Извештајот како материјал за информирање бидејќи не содржи никакви финансиски параметри.
Потоа излагање по Извештајот од програмата имаше Анета Андонова одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ која пред присутните објасни дека Извештајот за реализација на Програмата за работа на ЈРП Македонска Радиотелевизија за 2020 година е доставен во законскиот рок,и дека оваа година беше многу чудна и тешка година поради пандемијата,имаше многу одложени настани кои беа пердвидени да ги реализираме.
Согласно со Заклучоците на Владата на РСМ и согласно со Препораките и превентивните мерки на Комисијата за заразни болести, во услови на глобална пандемија на коронавирус, МРТ воведе вонредна програмска шема. Приоритет во програмата имаа дневно-информативните изданија, прес-конференциите во кои се известува за состојбата со коронавирусот и соопштенијата со Заклучоците на Владата на РСМ. Информативните изданија и целокупната програма е приспособена за сите ранливи категории на граѓани. Со цел информирање од секоја општина, МРТ ја активираше дописната мрежа од Куманово, Штип, Велес, Струмица, Прилеп, Битола, Охрид, Струга, Кичево, Гостивар, Тетово и од Дебар. Во соработка со Министерството за образование и со Бирото за развој на образованието, а со цел придонес кон неформалното образование, Првиот програмски сервис емитуваше и емитува проект „ТВ Училница“, секој работен ден од 9.10 до 12.10 часот. Овој проект е наменет за децата од предучилишна возраст, но и за учениците од основното образование. Европската радиодифузна унија, во време на пандемија, како поддршка на јавните сервиси отстапи авторски права за телевизиско емитување на неколку документарни, детски и забавни тв проекти, со што Програмската шема беше збогатена.
Потоа излагање по Извештајот од програмата имаше Мигена Горенца одговорен уредник на Втор програмски сервис на МТВ која се надополни дека и МТВ2 имаше исто така тешка пандемиска година која се совпадна со отварањето на новиот 24 часовен канал на албански јазик со намален кадар поради мерките кои ги предложи Владата за редуцирање во работните места,МТВ2 успеа да ги задржи досегашните емисии и проекти но не продуцираше нови проекти поради немање кадар,бидејќи новите емисии беа планирани со новите вработувања што беа најавени а не се случија за потребите на Втор програмски сервис.Токму и заради Корона пандемијата не успеавме да набавиме и нови програмси содржини од надворешни продуценти или копродукции, се на се за потребите на МТВ2 се купени само три проекти серијалот „Оса мир“ документарни серијали „Албанците во скандинавските земји“ и Албански народни приказни.
Мигена во продолжение дополни дека се задржани етаблираните емисии кои одеа на програмата на МТВ2 и во предходната година, и со овие неколку нови проекти и кадарот кој остана во оваа тешка година на пандемија, успеавме некако да изработиме и оствариме програма за вториот програмски сервис за цела 2020 година.
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет Ведат Мемедалија постави неколку прашања на уредничката Мигена Горенца по однос на извештајот за програмата,прво во планот

имавме емисија АРТ дали има во 2020 нова емисија за овој проект.Мигена одговори дека има барање но сеуште нема изготвено договор и емисија,второ во планот што го усвоивме за 2020 година имаше 50 документарни емисии од албанските подрачја, реализација со надворешна продукција има одлука има за озбор за истото од 17.03.2021,што значи не е поминато во 2020-та година.Мигена со одговор дека се купени само 10 епизоди од тие преедвидените 50 докуемнтарни емисии,и дека има ново барање за нови и заради тоа е и одлуката на Комисијата за избор на програмски содржини,трето планирана емсија „Сонце и радости“ ја нема во извештајот за 2020 та,и образовните емисја „Куинс“, „Хоризонте“ „Биографија“ „Сцена“,„Наши а сепак странци“ и „Кој го кажа тоа„ како и контактната емисија „Биографија“.
Мигена одговори дека „Сонце и радости“ тоа е сопствена емсија на МТВ2 и ја има,додека останатите ги нема,но тие се сите планирни и сакаме да ги имаме,но не се реализирани,некои поради немање финансиискi средства некои поради кадар што немаме во новиот канал.
Потоа Ведат Мемедалија постави неколку прашања и до уредничката Анета Андонова по однос на емисиите „Рес публика“ и документарните за животна средина која ја немаше во предлог програмата а сега ја има како реализација.Анета со одговор дека двете емисии се правени во соработка со Институт за комуникациски студии и Институот за медиуми како резултат на Меморандум за соработка и немаме никакви финансиски инпликации,тука има обука на малди новинари во рамките на меморандумот.
Ведат Мемедалија за емисијата „И што сега“ исто беше не планирана сега е реализирана и дали се емитува уште.Анета Андонова одговори дека „И што сега“ и „Објектив“ се под едно име „И што сега“ и опфаќаат дебатни емисии од областа на економијата и на политкиката, и „Објектив“ се работи во копродукција со надворешна продукција.
Ведат со прашање зошто со новинари,сниматели,тонци и студија од МТВ а се работи како Копродукција со ангажирана надворешна продукција,и зошто финансиските средства одат само на авторот на емисијата а не земаат снимателите и водителите.Анета одоговри дека има надворешна сценографија и мерења и истражување на јавното мислење на репрезентативен примерок,затоа е во копродукција,но за финансиите има цела финансиска конструкција за емисијата како се распределени средствата и кога е во прашање копродукција ние даваме наши ресурси.
Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац прво со забелешка на намалениот буџет кој го доби МРТ за 25%, и како што кажа тоа е работа на менаџментот да го следат, да укажат и да го спречат тоа.Исто така по однос на мерењето на гледаноста имаме неколку пати уназад укажано како совет со наши заклучоци,по истото сме добилеи уверувања дека ќе се реши,но со години ништо не се случува.Една од забелешките е и скандалот со годинешната Евровизија, истиот беше и многу лошо менаџиран од страна на МРТ.Втората програма на Македонското радио која е во многу лоша ситуација, и на која како совет имаме исто така многу пати укажано,менаџментот и по тоа не изнаоѓа решение веќе подолго време,како и Канал 103 кој не емитува програма во етер повеќе туку се емитува преку интернет.
Членот Гајур Рамдани истакна дека прво прашање кое се наметнува за МТВ2 е како успеале да ја завршат годината за новиот канал за 24 албански јазик со програма и со кадар,додека за МТВ1 кога ги гледам проектите сметам дека со квалитет и кивантитет се многу подобри од МТВ2, и според тоа имам прашање до уредничката Мигена Горенца колку во проценти е реализирана програмата за МТВ2.
Мигена со одговор дека од причините кои ги спомнав погоре намален буџет,корона кризата и немање нов кадар не е изреализирана цела предвидената програма за МТВ2,а вопроценти не можам сега да кажам во моментов немам точна калкулација.

Членот Златко Јанковски во своето излагање потенцираше на проблемот со Радио 2,без кадар и без реални напори да се унапреди потенцијалот на овој радио канал земајќи ја предвид неговата популарност,нагласувам дека е потребна заложба на сите структури во МРТ за решавање на овој акутен проблем.Исто така Златко го потенцираше проблемот со Канал 103 за кој како што кажа мора што е можно побрзо да се најде институционална разврска и да почне што побрзо да зрачи ова култно радио како дел од МРТ.
Членот Ристе Панов истакна дека Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2020 година како и самата програма која одеше на екран на МТВ за мене лично е позитивно завршена земајќи ги во предвид гледаноста и рејтингот на самите емисии кои беа емитувани, како и извештаите од мерењето на гледаноста од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни и медиумски услуги односно извештајот од мониторингот за изборното медиумско известување за време на Парламентарните избори 2020, каде што само МТВ беше рангирана дека професионално го поделила и избалансирала времето,како и дека професионално известувала, за разлика од комерцијалните телевизии во државата.

По расправата Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2020 година.

■**Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2020 година** беше ставен на гласање

- ЗА гласаа: **2** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **9** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2020 година **не е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во ЈРП МРТ по Укажување од страна на МИОА бр.03-1060/6 од 19.03.2021 година.**
Иле Тримчески од Одделението за човечки ресурси во МРТ објасни дека согласно Известувањето од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците наш бр.03-878/1 од 16.02.2021 година и Законот за преземање на административни службеници вработени преку к-5 програмата на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (“Службен весник на РС Македонија“ бр.302/2020) пристапивме кон измена на Правиликот за систематизција на работните места со цел да се усогласат во делот на видот на образование со стекнатото образование на административните службеници кои потпишале изјави дека ги прифаќаат решенијата за трајно распоредување во ЈРП МРТ, меѓутоа по барањето за согласност на извршените измени на Правилникот за систематизација на работните места во ЈРП МРТ од страна на МИОА добивме укажување бр.03-1060/6 од 19.03.2021 година  дека предвидениот вид на образованието треба да се усогласи со научните полиња утврдени со Фраскатиевата класификација.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ по Укажување од страна на МИОА бр.03-1060/6 од 19.03.2021 година.

■**Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ по Укажување од страна на МИОА бр.03-1060/6 од 19.03.2021 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**1** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ по Укажување од страна на МИОА бр.03-1060/6 од 19.03.2021 година е **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 6: Разно.**

Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по оваа точка предложи до службите да го потсетат менаџментот за Заклучоците што беа донесени од страна на советот на предходните седници за да се добијат материјали од тие Заклучоци.
Членот Ристе Панов потсети дека по однос на формирање на Совет за назор на квалитет врз основа на Правилникот за програмски стандарди дека треба да како Програмски совет на МРТ да го изебреме овој совет но поради запазување на постапката предходно треба да донесеме некој правилник за истото.
Заменик претседателот Ведат Мемедалија со прашање зошто точките 6 и 7 кои беа планирани за денес не поминаа предходно на седница на Надозрниот одбор на МРТ.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски даде информација дека прво немаше предлагач кој да ги образложи и немаше информација што е целта и потребата како и финансиска конструкција за истото.

Седницата заврши во 15:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател